Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-527/7
година
30-12-2024

Постапувајќи по претставка бр. 08-527/1 од 19.7.2024 година поднесена од прек полн. адвокат ., против Министерство за образование и наука – Државен испитен центар, за извршена дискриминација во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на образование, наука и спорт сторена од страна на Министерството за образование и наука – Државен испитен центар врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-527/1 од 19.7.2024 година, поднесена од страна на преку полн. адвокат за сторена дискриминација во областа на образование, наука и спорт од страна на Министерство за образование и наука – Државен испитен центар (во продолжение: ДИЦ).

Согласно наводите на претставката, подносителката на истата полагала државна матура – екстерен испит по француски јазик во учебната 2023/2024 година согласно Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиско, стручно и средното уметничко образование. Оттука, во однос на полагањето на погоре наведениот предмет, согласно објавените резултати, подносителката добила оценка 5 со пресметан перцентил 88.71. Следствено на ова, подносителката поднела приговор до Државниот испитен центар и Пријава за увид во тестот, при што во одговор на ваквите барања, било утврдено дека резултатите од тестот се оценка 5 со освоени максимални 65 поени, при што во претставката се оспорува перцентилната вредност од 88.71, имајќи го во предвид резултатот од освоени 100% од поените.

Оттука, во претставката е наведено дека вака утврдениот перцентил, заедно со постигнатиот успех и оценките во текот на средното образование претставуваат основа за рангирањето при уписот на факултет и основа за остварувањето на одредени права по основ на добивање стипендија и други права. Согласно претходно наведеното, подносителката смета дека е дискриминирана во однос на останатите кандидати кои полагале други предмети од државната матура, бидејќи ги постигнала сите можни резултати по предметот француски јазик и освоила максимален број на поени, сепак нејзиниот испитен тест не бил рангиран со максимални 100 перцентили, туку со 88.71 перцентил.

Согласно претходно наведеното, во претставката се истакнати наводи дека на подносителката ѝ се прекршени правата на еднаква достапност на образованието за секого под еднакви услови согласно член 44 од Уставот на Република Северна Македонија, тврдејќи дека со начинот на утврдување на перцентил, односно процент на успешност на полагањето по предметот француски јазик, таа била доведена во нерамноправна основа со останатите кандидати кои полагале тестови

по другите предмети за странски јазик. Следствено на ова, во претставката е наведено дека „ваквиот начин на утврдување и пресметување на перцентил претставува утврдување на различност на кандидатите кои полагаат тест по други странски јазици, односно ограничување и исклучување на овие кандидати под рамноправни и исти услови да бидат рангирани во листата на положени кандидати при утврдувањето на вкупниот перцентил, кој го утврдува вкупниот успех при полагањето на испитите од државната матура, како резултат на што одредени кандидати добиваат привилегирана положба."

Во продолжение на ова, наведено е дека од страна на Министерството за образование и наука и Државниот испитен центар не била приложена информација до кандидатите кои полагале државна матура дека при преместување на перцентил, лицата кои полагаат испит по француски јазик ќе имаат понеповолна положба во однос на останатите кандидати кои полагаат англиски или друг странски јазик, бидејќи не би имале шанса да добијат максимален број на перцентил, и покрај фактот што резултатите од испитниот тест би им биле со максимален број на освоени поени.

На крајот на претставката, истакнато е барање Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да донесе општа препорака за начинот на отстранување на повредите на правото, при што е наведено дека со ваквиот начин на утврдување на перцентил се врши дискриминација на поголем број на лица.

Во прилог на претставката беше доставен следната документација:

- Полномошно;
- Календар за организација на учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта;
- Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование;
- Резултати од Државен испитен центар за положени предмети од државна матура з кандидатката [redacted];
- Барање за увид во тест до Државен испитен центар од 17.7.2024 година;
- Одговор на барање за увид во тест од Државен испитен центар бр. 10-314/2 од 18.7.2024 година;
- Одговор на известување до директорката на Државниот испитен центар од 18.7.2024 година;
- Испитна програма за државна матура по француски јазик од Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 14.8.2024 година испрати Известување бр. 08-527/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерство за образование и наука и Известување за произнесување по наводите бр. 08-527/3 до Државниот испитен центар, при што од страна на Комисијата беа истакнати конкретни прашања во однос на наводите од претставката како што следи:

- Како се одредува (максималниот) перцентилен ранг за државната матура по екстерниот испит по француски јазик?
- Дали највисокиот перцентилен ранг за испитите по државна матура е понизок од 100 перцентили само кај кандидатите кои полагале француски јазик, или и кај останати испити по државна матура?
- Која е причината за различниот максимален перцентилен ранг во однос на останатите кандидати кои полагале различни предмети по државна матура?

На ден 29.8.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Државниот испитен центар, заведено под арх. бр. 08-527/4.

Од страна на Државниот испитен центар најпрво истакнуваат дека согласно член 41 од Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/07 од 21.11.2007 година):
*„Скалите за претворање на бодовите во оценки за екстерните испити се подготвуваат од државните матурски предметни комисии по спроведувањето на испитите, а ги утврдува Државниот матурски одбор. Резултатите на учениците од екстерните испити, до училиштата се доставуваат од Бирото и тоа изразени во оценки и перцентили."*

**Оттука, во произнесувањето е наведено дека перцентилниот ранг означува од колкав број ученици кои го решавале тестот за екстерен испит по одделен предмет (при што во конкретниот случај станува збор за испитот по француски јазик), ученикот е подобар или еднаков.**

Во однос на конкретно поставените прашања од страна на Комисијата, од Државниот испитен центар најпрво наведуваат дека перцентилниот ранг на учениците кои полагале екстерен испит по француски јазик, впрочем како и перцентилниот ранг на учениците кои полагале екстерен испит по сите останати предмети, се пресметува со примена на прифатена методологија врз основа на која се утврдува од колку ученици ученикот имал подобар или еднаков успех. Притоа, наведено е дека во конкретниот случај, подносителката на претставката за заштита од дискриминација на екстерниот испит освоила 65 од 65 бода (100%) и оцена 5 со перцентилен ранг од 88,71, односно имала подобар успех од 27 од вкупно 34 ученици кои полагале државна матура по француски јазик, а имала ист успех со 6 други ученици. Во однос на наводите за сторена дискриминација при оценувањето на испитниот тест по француски јазик, од страна на Државниот испитен центар наведуваат дека ученичката не истакнала податоци за успехот кој го постигнала при полагањето на вториот предмет од екстерниот дел на државната матура – македонски јазик, наведувајќи дека за овој предмет, подносителката освоила 65 од вкупно максималните 74 бодови (резултат од 87,83%), што резултира со перцентилен ранг од 99,34 – од причина што имала подобар успех од 9795 од вкупно 9881 ученици кои го полагале екстерниот испит по македонски јазик, при што имала ист успех со 49 други ученици.

Во однос на прашањето дали највисокиот перцентилен ранг за испитите по државната матура е понизок од 100 перцентили само кај кандидатите кои полагале француски јазик, или и кај останати испити од државна матура, од страна на Државниот испитен центар одговорија дека највисокиот перцентилен ранг е понизок од 100 кај сите ученици кои полагале екстерен испит по француски јазик. Во продолжение на ова, наведено е дека перцентилниот ранг е понизок од 100 и кај сите ученици кои ги полагале останатите испити од екстерниот дел од државната матура во јунскиот испитен рок за учебната 2023/3034 година. Оттука, во произнесувањето е образложено дека да се има перцентилен ранг 100 би начело дека 100% од групата има оценки под таа на подносителката. Притоа, имајќи го во предвид фактот дека наведените 100% од групата би ја вклучиле и оценката на подносителката, воочливо е дека 100% од групата не може да биде под неа, следствено на што не е возможно да се оствари перцентилен ранг со вредност 100.

На крај, во однос на третото поставено прашање согласно кое Комисијата побара информација за причината за различниот максимален перцентилен ранг во однос на останатите кандидати кои полагале други предмети во рамките на државната матура, од ДИЦ наведуваат дека перцентилнот ранг се утврдува одделно за секој ученик и за секој наставен предмет, при што истиот зависи од

успехот на учениците при полагањето на конкретниот наставен предмет и не е поврзан со успехот на другите наставни предмети.

На ден 17.12.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено произнесување од страна на Министерството за образование и наука заведено под арх. бр. 08-527/5. Во истото, истакнато е дека МОН ја проследило претставката и известувањето за произнесување до Државниот испитен центар како надлежна институција за реализација и спроведување на екстерните испити од државната матура со цел да се произнесе и да даде стручно мислење по однос на наводите во претставката, со тоа што во прилог е испратено и произнесувањето од страна на ДИЦ кое е со идентична содржина како она кое било испратено до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 29.8.2024 година.

Во однос на произнесувањето по наводите од претставката од страна на Министерстовото за образование и наука, во поднесокот е наведено дека подносителката на претставката одлична ученичка која го освоила максималниот број на бодови при полагањето на тестот на по француски јазик на државната матура, при што Министерството жали што не биле информирани дека во одредувањето на перцентилите влијаат бројот на кандидати и нивните резултати. Оттука, наведено е дека перцентилите се пресметуваат според утврдена и стандардизирана методологија која ги зема предвид резултатите на сите кандидати кои го полагаат тесто. Притоа, ваквата методологија подразбира дека бројот на кандидати и распределбата на нивните резултати директно влијаат на конечниот перцентил, поради што перцентилите не се фиксни и не можат однапред да се утврдат или менуваат за да достигнат точно определена вредност, како што е 100.

Во продолжение на произнесувањето, наведено е дека вака поставената методологија за пресметка на перцентили се применува од воведувањето на државната матура во образовниот систем на Република Северна Македонија, при што истата е изготвена од страна на работна група составена од меѓународни експерти и е базирана врз успешната пракса на други европски земји. Оттука, додаваат дека согласно методологијата, со експертска поддршка е изработен и софтвер кој се употребува за пресметување на перцентилната вредност.

На крајот на произнесувањето, од страна на Министерството за образование и наука наведуваат дека во однос на наводите дека перцентилите влијаат врз уписот на факултет или при добивањето стипендии, утврдените перцентилни вредности од испитите полагани во склоп на државната матура сами по себе не претставуваат критериум за доделување на стипендии.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за образование и наука и Државниот испитен центар врз ,
согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи.

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, во конкретниот случај, подносителката на претставката смета дека е дискриминирана во однос на останатите ученици кои во учебната 2023/2024 година полагале испит по државна матура

по сите останати предмети во споредба со наставниот предмет кој таа го избрала за полагање на екстерен испит по државна матура – француски јазик. Ценејќи ги наводите од претставката и притоа имајќи го во предвид образложението дадено од страна на Државниот испитен центар и Министерството за образование и наука, Комисијата утврди дека не станува збор за сторена дискриминација врз подносителката на претставката при оценувањето на нејзиниот екстерен испит по француски јазик. Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не е исполнета погоре цитираната законска дефиниција за дискриминација, имајќи го во предвид фактот дека основот врз кој подносителката на претставката смета дека е дискриминирана не претставува заштитна карактеристика и не продуцира различен третман во однос на останатите ученици кои во учебната 2023/2024 година полагале испит по државна матура по предмет различен од француски јазик. Оттука, член 41 од Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование (Службен весник број: 66/2010; 63/2012; 159/2016; 65/2021; 85/2023; 52/2024; 157/2024) гласи:

*„(1) Оценувањето на знаењата и способностите на учениците за интерните и екстерните испити од државната матура се врши со бодови, кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5) за интерните испити, а во оценки и перцентилен ранг за екстерните испити.*
*(2) Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).*
*(3) Оценувањето го вршат оценувачи кои се определуваат и обучуваат од ДИЦ, а се од редот на наставниците во средните училишта кои реализираат настава по предметот што се оценува.*
*(4) По исклучок, доколку за оценувач не може да се обезбеди наставник од средно училиште, се определува наставник од основно училиште, со завршено високо образование и кој реализира настава по предметот што се оценува."*

Согласно претходно цитираниот член, предвидено е да оценувачите кои се определени и обучени од страна на ДИЦ најпрво ги оценат испитите од државна матура со бодови следствено на што се формираат и оценки од 1 до 5, при што се проследува со одредување на перцентилен ранг за секој поединечен испит. Притоа, од одговорот доставен од страна на Министерството за образование и наука и Државниот испитен центар, може да се утврди дека пресметувањето на перцентилната вредност се спроведува на ист начин според истата утврдена методологија за сите ученици, независно од предметот кој го полагале, при што во конкретниот случај не може да стане збор за понеповолен третман на подносителката на претставката поради фактот што полагала испит по француски јазик.

Имено, согласно доставените податоци од страна на ДИЦ, Комисијата воочи дека согласно резултатите од испитот по француски јазик (освоени 65 од 65 поени), подносителката имала подобар успех од 27 од вкупно 34 ученика кои го полагале испитот, а имала ист успех со 6 други ученика, следствено на што перцентилниот ранг на подносителката за овој испит изнесувал 88,71. Од друга страна, при полагањето на екстерниот испит по македонски јазик, подносителката освоила 65 од вкупно 74 поени, при што нејзиниот испитен тест бил со подобар успех од 9795 од вкупно 9881 ученика, следствено на што освоила перцентилен ранг од 99,34, притоа постигнувајќи ист успех со 49 други ученика. Оттука, Комисијата утврди дека конечно утврдениот перцентилен ранг не се пресметува на различни начини за учениците кои го полагале екстерниот испит по француски јазик и оние кои полагале екстерен испит по друг предмет, при што разликата во конечните перцентилни вредности се должи на соодносот помеѓу бројот на ученици од кои постигнатиот успех на кандидатот кој полагал државна матура (во конкретниот случај – подносителката на преставката за заштита од дискриминација) постигнал подобар резултат, и истиот тој број во однос на вкупниот број ученици кои го полагале конкретниот наставен предмет,

согласно погоре истакнатиот компаративен преглед на резултатите од полагањето на 2 различни екстерни испити при државната матура – француски и македонски јазик.

Оттука, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација во областа на образование, наука и спорт од страна на Министерство за образование и наука и Државниот испитен центар врз /

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Адвокат
- Министерство за образование и наука, ул. „Кирил и Методиј" бр. 54, 1000 Скопје
- Државен испитен центар Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб, 1000 Скопје